# Службен гласник


| Број 20 | 10.07.2014 година |
|---|---|

на Општина Кавадарци


| С О Д Р Ж И Н А | |
|---|---|
| Решение за објавување Одлука за започнување на постапка за избор на приватен партнер за доделување на договор за јавно приватно партнерство за градски базен со Заклучоци; | 3 |
| Одлука за започнување на постапка за избор на приватен партнер за доделување на договор за јавно приватно партнерство за градски базен; | 3 |
| Заклучоци по Одлука за започнување на постапка за избор на приватен партнер за доделување на договор за јавно приватно партнерство за градски базен; | 5 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2014; | 5 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2014; | 6 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2014 година; | 7 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2014 година; | 7 |
| Решение за објавување на Одлуката за давање на согласност на Одлука за определување на цени ( надомест) за дадени услуги на ЈП”Јасмин” Кавадарци на градски базен и терени бр.02-52/2 од 25.06.2014 година ; | 8 |

| | |
|---|---|
| Одлуката за давање на согласност на Одлука за определување на цени ( надомест) за дадени услуги на ЈП”Јасмин” Кавадарци на градски базен и терени бр.02-52/2 од 25.06.2014 година ; | **9** |
| Решение за објавување на Одлуката за давање на согласност Одлука за измена и дополнување на финансискиот план за 2014 година на ЈП Комуналец Кавадарци бр.02-573/3 од 23.06.2014; | **10** |
| Одлуката за давање на согласност Одлука за измена и дополнување на финансискиот план за 2014 година на ЈП Комуналец Кавадарци бр.02-573/3 од 23.06.2014; | **10** |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад ; | **11** |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад ; | **11** |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за адреса на објект во изградба “Фабрика за кабли Дрекслмајер”; | **12** |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за адреса на објект во изградба “Фабрика за кабли Дрекслмајер”; | **12** |
| Решение за објавување на Програма за “Тиквешки Гроздобер 2014”; | **13** |
| Програма за “Тиквешки Гроздобер 2014”; | **13** |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за учество на рок бенд “Smoke Shakers” на Гитаријада во Заечар во Република Србија; | **20** |
| Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за учество на рок бенд “Smoke Shakers” на Гитаријада во Заечар во Република Србија; | **21** |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за изградба на црква “СВ. Петка”; | **21** |
| Одлука за одобрување финансиски средства за изградба на црква “СВ. Петка”; | **22** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за започнување на постапка за избор на приватен партнер за доделување на договор за јавно приватно партнерство за градски базен со Заклучоци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за започнување на постапка за избор на приватен партнер за доделување на договор за јавно приватно партнерство за градски базен со Заклучоци, донесени на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 08.07.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3250/1** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.07.2014 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** — **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 17 и член 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство(„Сл.весник на РМ" бр.6/2012), член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 08.07.2014 година , донесе

**О Д Л У К А**
**за започнување на постапка за избор на приватен партнер за доделување на договор за јавно приватно партнерство за реконструкција и изградба на затворен Олимписки Базен**

**Член 1**

Советот на Општина Кавадарци донесува Одлука за започнување на постапка за избор на приватен партнер за доделување на договор за јавно приватно партнерство за реконструкција и изградба на затворен Олимписки Базен .

**Член 2**

Јавното приватно партнерство ке се воспостави како договор за јавна набавка на работи, со отворена постапка.

**Член 3**

Јавното приватно партнерство се воспоставува заради ревитализирање на Олимписки Базен и ставање во функција за граганите на Општина Кавадарци, заради остварување на следните цели:

- Ограничени средства со кои општината располага за таков вид на капитални инвестиции;

- Потреба од ставање во функција на објект кој што ке придонесе за развој на пливачките спортови и спортот воопшто, а со тоа и подобрување на јавното здравје на граганите на Општина Кавадарци;
- Покрај развојот на спортот со ставањето во функција на овој објект ке се создадат услови за изведување на дел од наставата по физичко воспитување на сите основни и средни училишта од Општина Кавадарци но и пошироко од целиот регион на Тиквешијата;
- Атрактивноста на објектот заради можноста од развој на забавни, рекреативни и угостителски содржини ке создаде услови не само за оддржливост на инвестицијата туку и за профитабилност на истата што озвозможува да се изнајдат приватни партнери.

**Член 4**

Предмет на ЈПП е реконструкција и изградба на затворен олимписки базен.

**Член 5**

Основни услови за доделување на Договор за воспоставување на ЈПП се :

-време (рок) потребен за реконструкција и изградба на објектот;

-времетраењето на договорот за ЈПП .

**Член 6**

Рокот во кој ке биде спроведена постапката изнесува 6 месеци.

**Член 7**

Проценетата вредност на Договорот за јавно приватно партнерство изнесува 812.260 ЕУР или во денарска противвредност 50.075,829 денари.

**Член 8**

Тендерска документација ќе се издава без надоместок.

**Член 9**

Постапката за избор на приватен партнер и доделување на Договор за јавно приватно партнерство ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Кавадарци.

Комисијата работи во полн состав и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

**Член 10**

Одлуката за избор на приватен партнер, на предлог на Комисијата, ја донесува Советот на Општина Кавадарци.

**Член 11**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07 –3014/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**08.07.2014 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05), **расправајќи по** Одлука за започнување на постапка за избор на приватен партнер за доделување на договор за јавно приватно партнерство за градски базен**,** Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 08.07.2014 година, ги донесе следните

**З А К Л У Ч О Ц И**

1. Се задолжува изготвувачот на физибилити студијата да изготви дополнителна анализа за бесплатно користење на затворен базен 2 часа, секој работен дан (1 час претпладне и 1 час попладне) од страна на основните и средните училишта од Општина Кавадарци за изведување настава по физичко воспитување.

2. Се задолжува изготвувачот на физибилити студијата да изготви анализа за минимален износ за концесиски надомест за времетраење на јавно приватното партнерство за градски базен.

3. Во Комисијата формирана од Градоначалникот задолжена за спроведување на постапката за јавно приватното партнерство за градски базен активно учество да земат еден претставник од опозицијата член на советот на Општина Кавадарци и еден претставник од позицијата член на Советот на Општина Кавадарци.

2. Заклучоците влегуваат во сила со денот на донесувањето, а ке се објават во “Службен гласник” на Општина Кавадарци.

**Бр. 07- 3014/1/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**08.07.2014 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2014**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2014 година , донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 08.07.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-3250/2**
**10.07.2014 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа **на член 84 од Законот за градежно земјиште ("Сл.весник на РМ"бр.17/2011, 53/2011, 144/2012, 153/2012 и 25/2013)**, **а во врска со Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл.весник на РМ" бр.38/11, 93/11, 65/12, 75/12 и 98/12),** член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ бр.5/02"), член 82 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 08.07.2014 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2014 ГОДИНА

Во Програмата бр.07-5915/1 од 24.12.2013(„Службен гласник на Општина Кавадарци „ бр.10/2013,бр.13/2014, 19/2014) се врши следното изменување и дополнување :

**Глава** XI. ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА ЗА ПРОЕКТИ, НАДЗОР НА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА **СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ:**

- Проектирање, ревизија за проекти, надзор на комунална изградба, изработка на елаборати, студии, ГИС .

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „ Сл.гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.07 –3014/2**
**08.07.2014 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2014 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2014 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 08.07.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3250/3**
**10.07.2014 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), а во врска со член 89 од Законот за Градежно земјиште ( "Сл.весник на РМ" бр.17/2011, 53/2011, 144/2012, 25/2013, 137/2013 и бр.163/2013), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 08.07.2014 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2014 година**

**Член 1**

Во Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2014 година бр.07- 5915/3 од 24.12.2013 година се врши следната измена :

**I. Во Глава А)** Просторен опфат и предмет на Програмата, после точка 8 СЕ ДОДАВА нова точка 9 која гласи:

**9.ЛУПД-"Сопотски пат" Блок 1 ГП бр. 1.1**

**II.Во Глава В точка II алинеа 2 се врши измена и дополнување на табеларниот преглед детален преглед на градежните парцели што ќе**

**бидат предмет на менаџирање по населено место и по урбанистички план се додава нова табела која гласи :**

**7. ЛУПД-"Сопотски пат" Блок 1 ГП бр. 1.1**

| Број на парцела | Основна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на град.пасрцела | Максимална висина до венец м1 | Површина на градежна парцела м2 | Површина за градба м2 | Бруто развиена површина за градба м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.1** | Г2 | П+1 | Дел од КП бр. 10231 и дел од КП бр. 10233 | 9.00 | 9279 | 7514 | 15028 | 1.62 | 81% | 61,оо | 566.019,оо |
| **Вк.** | | | | | | | | | | | **566.019,оо** |

**III.Во глава В точка V.**Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата после точка 8 се ДОДАВА нова точка 9 и следниот текст:

**9. ЛУПД-"Сопотски пат" Блок 1 ГП бр. 1.1 - 566.019,оо**

**Вкупно: 2.816.417,оо денари**

**Општина Кавадарци 80% 2.253.133,60 денари**
**Република Македонија 20% 563.283,40 денари**

Во останатиот дел Програмата останува неизменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.07 –3014/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**08.07.2014 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за определување на цени ( надомест) за дадени услуги на ЈП"Јасмин" Кавадарци на градски базен и терени бр.02-52/2 од 25.06.2014 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност на Одлуката за определување на цени ( надомест) за дадени услуги на ЈП”Јасмин” Кавадарци на градски базен и терени бр.02-52/2 од 25.06.2014 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 08.07.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-3250/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.07.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 Законот за јавните претпријатија(“Сл.весник на РМ” бр.38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/2009; 97/2010, 6/2012, 119/2013), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ “ бр. 5/02), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 08.07.2014 година , донесе

**О Д Л У К А**

**За давање на согласност на Одлуката за определување на цени ( надомест) за дадени услуги на ЈП за стопанисување со спортски објекти “Мито Хаџивасилев-Јасмин” – Кавадарци на градски базен и терени**

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за определување на цени (надомест) за дадени услуги на ЈП за стопанисување со спортски објекти “Мито Хаџивасилев-Јасмин” Кавадарци на градски базен и терени бр.02-52/2 од 25.06.2014 година донесена на седницата на Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти “Мито Хаџивасилев-Јасмин” Кавадарци на ден 25.06.2014 година и се задолжува Управниот Одбор на на ЈП за стопанисување со спортски објекти “Мито Хаџивасилев-Јасмин” Кавадарци да изврши прецизирање на цитираната одлука :

- Во член 3 став 1 СЕ БРИШАТ алинеја 1, 2 , 3 и 4 ;

- Во член 4 да се прецизира :
  Одлуката влегува во сила по претходно прецизирање од страна на Управниот Одбор и доставување до Комисијата за јавни и комунални дејности при Совет на Општина Кавадарци и по објавување во Службен Гласник на Општина Кавадарци.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Кавадарци” .

**Бр.07 –3014/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**08.07.2014 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на финансискиот план за 2014 година на ЈП Комуналец Кавадарци бр.02-573/3 од 23.06.2014**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на финансискиот план за 2014 година на ЈП Комуналец Кавадарци бр.02-573/3 од 23.06.2014, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 08.07.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-3250/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.07.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ “ бр. 5/02), член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавните претпријатија(“Сл.весник на РМ” бр.38/96; 40/03; 6/02; 49/06; 22/07; 83/09;6/2012 и 119/2013) член 82 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), расправајќи по Финансискиот план за 2014 година на ЈП”Комуналец” Кавадарци, Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 08.07.2014 година , донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност на Одлуката за измена и дополнување на финансискиот план за 2014 година на ЈП Комуналец Кавадарци**

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за измена и дополнување на финансискиот план за 2014 година на ЈП Комуналец Кавадарци бр. бр.02-573/3, донесена на седница на Управен Одбор на ЈП”Комуналец” Кавадарци на ден 23.06.2014 година .

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци” .

**Бр.07 –3014/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**08.07.2014 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 08.07.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3250/6**
**10.07.2014 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/2002), член 121 од Законот за управување со отпад („Сл.весник на РМ" бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08 и 143/08, 124/2010, 51/2011, 132/2012, 163/2013), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 08.07. 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во Општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во Општина Кавадарци бр.07-413/8 од 08.02.2010 година ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.12/2010) и бр.07-2873/6 од 30.05.2011 година("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.33/2011) СЕ ВРШАТ следните изменувања и дополнувања:

После член 1- б се додава нов член 1-в , кој гласи:

член 1-в

"13 % од износот кој ЈП Комуналец Кавадарци го фактурира према корисниците за износ на смет месечно, да се надоместува за створениот трошок кој го има претпријатието за изградба , одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација, косење на трева, како и сечење на дрва и гранки согласно член 5 точка 9 од Законот за комунални дејности"

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07 –3014/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**08.07.2014 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за адреса на објект во изградба “Фабрика за кабли Дрекслмајер”**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за адреса на објект во изградба “Фабрика за кабли Дрекслмајер”, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 08.07.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-3250/7** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.07.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.05/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Службен гласник на Општина Кавдадарци”бр.8/2005), Советот на општина Кавадарци на седницата што ќе се одржана ден 08.07.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката**
**за адреса на објект во изградба “Фабрика за кабли Дрекслмајер”**

**Член 1**

Во Одлуката за адреса на објект во изградба”Фабрика за кабли Дрекслмајер” бр.07-3920/17 оd 29.08.2013 година и бр.07-5087/9 од 14.11.2013 година(“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.6/2013, и бр. 9/2013), се врши измена :

Во член 1 став 2 после текстот
“ИНДУСТРИСКА ЗОНА-ТЕЛОТ се додаваат зборовите “број 1” 1430 Кавадарци.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета .

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07 –3014/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**08.07.2014 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова – Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за “Тиквешки Гроздобер 2014”**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за “Тиквешки Гроздобер 2014”, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 08.07.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-3250/8** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.07.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа „(Сл.весник на РМ„ бр.5/2002 ), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (Сл.гласник на општина Кавадарци бр.8/2005, Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 08.07.2014 година , донесе

**П Р О Г Р А М А**
**Т И К В Е Ш К И Г Р О З Д О Б Е Р**
**2 0 1 4**

**ЦЕЛИ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР“**

* Создавање на култура и свест за манифестација .

* Придобивки на Општината во туристички и економски насоки.

* Претставување на тиквешкото традиционално занаетчиство, производство на грозје, вино, ракија и други производи од грозје, како пред локалната публика, така и пред сите други присутни гости од страна.

* Привлекување на голем број посетители за времетраење на манифестацијата.

* Доближување до граѓаните на Општина Кавадарци преку активностите поврзани со „Тиквешки Гроздобер“.

* Придонес кон промовирање на Кавадаречката вековна традиција и култура.

* Стимулација на интеркултурната соработка како предуслов за побогат културен живот.

* Придонес кон понатамошно успешно позиционирање на наши домашни производители во други држави од Европа.

* Збогатување на разновидноста на активностите за времетраењето на манифестацијата со цел привлекување на поголем број туристи.

**ЦЕЛНА ГРУПА НА УЧЕСНИЦИ**

* Винарии од Тиквешкиот регион и Македонија.

* Винарии од нашите пријателски градови од други држави.

* Домашни производители на вино, ракија, маџун, гроздов мед и слични производи.

* Угостителски објекти – ресторани и кафулиња.

* Производители на сувомеснати производи.

* Производители на млечни производи.

* Објекти со сместувачки капацитет – хотели, мотели, приватно сместување, манастири.

* Занаетчии и израаботувачи на ракотворби со мотиви на лозарството.

* Странски дипломатски претставништва и амбасади со желба за претставување на својата земја преку вино и храна.

* Средни и Основни училишта, Музичко училиште и Детски градинки.

**ПРОМОЦИЈА И МАРКЕТИНГ**

**НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР“**

* Медиумска промоција обезбедена од локалните и националните пишани и електронски медиуми.

* Веб страна по повод јубилејот 50 години „Тиквешки Гроздобер“, на која ќе бидат прикажани слики и снимки од манифестацијата, што се случувало низ минатото и овагодишната програма.

* Видео спот, кој ќе биде благовремено презентиран на сите медиуми.

* Химна на „Тиквешки Гроздобер“.

* Рекламен материјал во печатена форма, флаери со програма, плакати, билборди, банери, мини туристички водич на кој ќе бидат означени сите винарии, угостителски објекти, музеи и историски локации, маици и кеси за учесниците гости на карневалот.

*Најава на манифестацијата „Тиквешки Гроздобер“ со гостување на мали музички, карневалски и театарски групи на плоштадите во поголемите градови низ Македонија, со програма од времетраење од половина час.

* Информативен центар сместен во штанд на Градскиот плоштад, во текот на манифестацијата да има достапен рекламен материјал со програма, мапи и сите други потребни информации за граѓаните и гостите.

* Поклонување на маски во петок и сабота, како најава на карневалот и потик за граѓаните да се маскираат.

## ПРОГРАМА

## СО КОНКРЕТНИ НАСТАНИ

## ЗА 05-07.СЕПТЕВРИ 2014 ГОДИНА

### УРЕДУВАЊЕ И УКРАСУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Главната порака што ќе провејува во сите настани и содржини како што се негување на традицијата, истакнување на белезите и симболите на градот, логата на покровителите на манифестацијата и традиционалното богатство кое го поседува Тиквешкиот регион, грозјето и виното. Ова ќе биде анимирано и истакнато при самото амбиентално осмислување на просторот во централното подрачје на градот и на сите улици и локации ќе бидат посетени од гости.

*Поставување на порти на влезови на градот со горе споменатите обележја и со добредојде на нашите посетители.

*Поставување на штанд со уметнички слики и други уметнички форми со главен мотив грозјето и со можност на сликање на отворено.

**НАСТАНИ**

**ПЕТОК 05.09.2014**

- 00 ч.

СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР"
локација: консултација со локалните културни институции и Општина Кавадарци.
предлог: настанот да биде одбележан со тема од богатото културно-историско наследство на град Кавадарци и проследен со изведувачи на стара македонска чалгија.

- 00ч.

ДЕФИЛЕ НА МОТОРЦИИ
Локација: Градски парк- ул.„7 ми Септеври"-ул.„Цано Поп-Ристов"-ул.„Илинденска"-Кружен тек-Градски плоштад-ул.„Страшо Пинџур".

14.00 ч.-16.00 ч.

ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ДЕГУСТАЦИЈА НА ВИНА ОД ВИНАРИИТЕ „СТОБИ", „ТИКВЕШ" И „СКОВИН"
Локација: Градски Плоштад.
Предлог: настанот да биде проследен со изведувачи на староградска музика.

ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ДЕГУСТАЦИЈА НА НАШИТЕ СОРТИ ГРОЗЈЕ
Локација: Градски Плоштад.
Предлог: хостеси во народни носии.

19.00 ч.

ОТВОРАЊЕ НА ВИНСКИ БОЕМСКИ ФЕСТИВАЛ
Локација: Мало Паркче.
Опис: Винскиот Боемски Фестивал ќе биде претставен на посетителите со штандовско презентирање на винариите и угостители дејности со гурмански специјалитети.
Фестивалот е наменет за љубителите на вино и нивно запознавање со врвните македонски вина, поткрепено со соодветна храна и соодветна етно музика.
* Обраќање на Градоначалникот Г-дин Александар Панов до присутните гости, претставниците на винариите и делегациите од нашите пријателски градови од другите држави.
* Концерт посветен на песните на Никола Бадев.
* Останатиот дел од музичката програма ќе биде исполнет со еминентни изведувачи на етно и фолк музиката.

- 00ч.

МУЗИЧКА ПРОГРАМА
Локација: Градски Плоштад
Опис: Солисти и групи од Кавадарци.

21.00 ч.

ИЗБОР НА ВИНСКИ КРАЛИЦА И КРАЛ
Локација: Градски Плоштад
Опис:
* Изборот е сместен на оваа локација заради масовност на публика и ставање печат на јавен карактер на целиот настан.
* Изборот ќе биде анимиран од позната личност која ќе го претставува богот Бахус-бог на виното.
* Изборот ќе биде проследен со богата музичка програма од кавадаречки музички групи и солисти од забавен карактер.
* Конкурсот за избор ќе биде за учесници над 18 години.

- 00 ч.

ТИКВЕШКА СЕРЕНАДА
Локација: Гостопримлив домаќин.
Опис:
* Тиквешката серенада претставува посебна атракција за странските гости и претставниците на дипломатскиот кор.
* Серенадата е одраз на враќање на една од најстарите културни традиции и обележје на старата кавадаречка чаршија.

**САБОТА 06.09.2014**

- 00ч.

ИЗЛОЖБА НА „ОЛД ТАЈМЕРИ“
Локација: Ул.„Илинденска“

12.00 ч.

ТАБЛИЈАДА
Локација: Вински Боемски Фестивал
Опис:Натпревар во играње табла, кој е вкоренет во нашата култура на живеење.

12.00ч.

КОНЦЕРТ ПОД МАСКИ
Локација: Амфитеатар на Градскиот Плоштад
Опис: Изведувачи ќе бидат учениците од ООМБУ„ Лазо Мицев-Рале“.

!7.00 ч.

ПРИЕМ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА СТРАНСКИ ДЕЛЕГАЦИИ И ПРЕТСТАВНИЦИ НА КАРНЕВАЛСКИ ГРУПИ
Локација: Новиот Објект на Музејот.
Опис: Размена на поклони, доделување на благодарници на карневалските групи.
*Презентација и дегустација на домашна храна, вино и ракија.
* Музичка група со староградска музика.

19.00 ч.

ТИКВЕШКИ КАРНЕВАЛ
Локација: Кружен тек-градски Плоштад
Опис:
* Овој настан како централен настан на цела манифестација ќе биде збогатен од одбрани карневалски групи од Македонија и странство со посебен осврт кон изборот и помош од ФЕК.
* Посебен осврт и внимание ке има и изборот на нашите маски и контрола на квалитетот на нивната изработка, каде од голема важност е маската да остави впечаток со идејата и забавата.
*За да го оправда карактерот на зачувување на традицијата карневалот ќе има поставки со приказот на обработка на виновата лоза, вино и ракија.

- 00 ч.

СЦЕНА НА ОТКИНУВАЊЕ НА ГРОЗДОТ

- 00 ч.

КОНЦЕРТ НА МУЗИЧКА ЅВЕЗДА
Локација: Градски Плоштад
Опис: Големо музичко име кое ќе привлече многу публика од Општината, Државата и со надеж дека ќе привлече и странски гости.
Предлог:
* Парни Ваљак
* Оливер Драгоевиќ

**НЕДЕЛА 07.09.2014**

- 00 ч.-24.00 ч.

УЛИЧНИ ЗАБАВУВАЧИ
Локација: Градски Плоштад, „Вински Боемски фестивал“, Детски Карневал.
Опис: Жонглери, претстави со огин, пантомимичари.

- 00 ч.

ДЕТСКА КАРНЕВАЛСКА ПРОГРАМА
Локација: Градски Плоштад
Опис: Музичко-сценски изведби со детски содржини

- 00 ч.

ДЕТСКИ КАРНЕВАЛ
Локација: Кружен тек-Градски Плоштад
Опис: Настанот е посветен на децата и нивното учество како дел од манифестацијата „Тиквешки Гроздобер“. Поставките ќе бидат посветени на негување на традицијата и запазени форми од детските приказни. Учесници се деца од основните училишта и детските градинки, во организација на самите институии со насоки од Организациониот Одбор од манифестацијата „Тиквешки Гроздобер“.

- 00 ч.

ИЗБОР НА НАЈДОБРИ ВИНА
Локација: „Вински Боемски Фестивал“
Опис: Ќе бидат избрани најдобрите сорти на вино од присутните винарии на „Тиквешкиот Гроздобер“, а во соработка со еминентни професори-енолози, кој ќе бидат посебно ангажирани за оваа цел.

- 00ч.

СВЕЧЕНА СЕДНИЦА „7 ми СЕПТЕМВРИ“
Локација: Дом на култура „Иван Мазов-Климе“

- 00 ч.

СВЕЧЕНО ЗАТВОРАЊЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР“
Локација: Градски Плоштад
Опис: Обраќање од Градоначалникот Г-дин Александар Панов

КОНЦЕРТ

**„БУЏЕТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МАНИФЕСТАЦИЈАТА**
**„ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2014 „**

- **Извори на финасирање:**

1. Буџет на Општина Кавадарци -------------------------- 2.000.000 ден

**РАСХОДИ:**

1. Културно уметнички забавен дел ---------------- 280.000 ден
2. Хотелско сместување на гости ---------------- 800.000 ден
3. Огномет ---------------------------------------------- 120.000 ден
4. Угостителски услуги ----------------------------------- 800.000 ден

**ВКУПНО: ------------------------------------ 2.000.000 ден**

Средствата во делот на Расходи позицијата под реден број 1 – Културно уметнички забавен дел се трансферираат на Дом на култура „Иван Мазов- Климе„ Кавадарци по Програма.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.07 –3014/8** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**08.07.2014 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за учество на рок бенд "Smoke Shakers" на Гитаријада во Заечар во Република Србија

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за учество на рок бенд "Smoke Shakers" на Гитаријада во Заечар во Република Србија, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 08.07.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3250/9** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.07.2014 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** — **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа член 50 став 1 точка 6 од Законот за Локална самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 113 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Кавадарци("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Записник од Комисијата за финасии буџет бр.07-3036/2 од 07.07.2014 година , Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 08.07.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година**
**(за учество на рок бенд на интернационален натпревар во гитаријада )**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства во вкупен износ од 30.000,00 денари на рок бенд “Smoke Shakers” за учество на Гитаријада во Заечар во Република Србија.

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година и ке се уплатат на лицето Александар Димитров на следната,

жиро сметка 210501611737208 –депонент Тутунска Банка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07 –3014/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**08.07.2014 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за изградба на Црква”Св.Петка” Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за одобрување финансиски средства за изградба на Црква”Св.Петка” Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 08.07.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-3250/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.07.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа(“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци(“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Записник од Комисијата за финасии буџет бр.07-3036/2 од 07.07.2014 година, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 08.07 .2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За одобрување финансиски средства**
**за изградба на Црква”Св.Петка” Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Кавадарци одобрува финансиски средства во износ од 1.000.000 денари за изградба на Црква “Св.Петка” Кавадарци.

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година, и ќе се уплатат на Црква “Св.Петка” Кавадарци на следната

жиро сметка 200002070789360 :

депонент Стопанска Банка .

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07 –3014/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**08.07.2014 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**